**оригинален научен труд**
**УДК 811.162.3’373.7:811.163.3’255.4**

# ЧЕШКИТЕ ФРАЗЕМИ СО КОМПОНЕНТА *NOHA / НОГА* ВО ПРЕВОДИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Јасминка Делова – Силјанова
*Филолошки факултет „Блаже Конески“*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Key words:** somatic phraseology, Macedonian language, Czech language, cognitivism

**Summary:** The terms for the parts of the human body (based on metaphoric or metonymic meanings) are used daily to express a great number of things, while the body is used for counting (fingers) and as a means to determine a quantity or measure (measures of distance as foot, thumb, elbow, step, handful, sip, bite). The subject of this paper are phrases with a key somatic component LEG in the Czech works translated into Macedonian. We analyse the phrases on the basis of the body principle and according to the conceptual metaphors of Lakoff and Johnson. Each scheme is analysed through specifics and characteristics found in the phrases, as well as the reality they interpret and evaluate. In the material excerpted from Czech works translated into Macedonian, we have come across 13 phrases having as a key component LEG.

**Клучни зборови:** соматска фразеологија, македонски јазик, чешки јазик, когнитивистика

**Резиме:** Називите на деловите на човечкото тело, секојдневно (врз основа на метафорско или метонимиско пренесување) се употребуваат за означување на мноштво предмети/нешта, телото служи за броење (прстите) и помагало за определување на квантитет и за мерка (мерки за далечина како стапка, палец, лакот, чекор, грст, голтка, залак). Предмет на интерес во овој труд се фраземите со клучна соматска компонента *NOHA / НОГА* во делата на чешки јазик, преведени на македонски. Фраземите ги анализираме врз основа на принципот на телесноста, а шемите според концептуалните метафори на Лејкоф и Џонсон. Секоја шема е анализирана од аспект на особеностите и карактеристиките што можеме да ги најдеме во фраземите и од аспект на реалноста што тие ја интерпретираат и ја вреднуваат.

Во материјалот што е ексцерпиран во делата на чешки јазик преведени на македонски јазик сретнавме 13 фраземи со клучна компонента *NOHA / НОГА*.

**1.** Нозете служат за стоење и за движење. Фраземите со составната компонента нога/нозе не се мотивирани од нивната основна функција, со исклучок на мал број изрази (Велјановска, 1998:89).

Како орган за одење, ногата е симбол на општествената поврзаност. Овозможува зближување, го поттикнува дружењето, ја раскинува оддалеченоста; значи има општествено/социјално значење. Стапалото е продолжение на ногата, па симболично се надополнуваат: ногата создава друштвени врски, а стапалото е нивен господар и клуч. Во поширока смисла, ногата е друштвено тело на она што на човековото тело е половиот мускул: таа е инструмент на мајчиното сродство и на друштвените односи, додека половиот мускул е инструмент на крвното сродство. Ногата исто како и половиот мускул е симбол на животот: да се открие ногата, значи да се покажат својата моќ и машкост. Да се имитираат движењата на навлекување на чизми е тешка навреда за мајката на оној пред којшто тоа се прави. Во кабализмот претставува цврстина и слава (Миловановиќ, 1994:334).

**1.1.** Симболичката функција на нозете, според народните претстави, најнапред е поврзана со можноста да го крепат човечкото тело исправено и да му овозможат движење на човекот во просторот. Според тоа, најзначајниот митски код на нозете во поглед на просторната структура на Светот, или во поглед на можностите за обредно просторно преструктурирање на Светот, се базира токму врз принципот на **движење**.

Инаку, просторно, во поглед на глобалната структура на човечкото тело, нозете се во сферата означена како долу. Меѓутоа, сите делови не се еднакви според интензитетот на категоријата долу. Имено, колку се оди кон земјата, толку повеќе се интензивира симболичкото значење на најдолу или на крајно долу. Во таа смисла, долните делови на нозете се означени и како периферни (Ристески, 2003:9).

**1.2.** Предмет на интерес во овој труд се фраземите со соматска клучна компонента *NOHA / НОГА* што ги извлековме од дела на чешки јазик преведени на македонски јазик. Фраземите ги анализираме врз основа на принципот на телесноста, шемите ги разгледуваме според поделбата на Млејнкова, а според концептуалните метафори на Лејкоф и Џонсон.

Секоја шема е анализирана од аспект на особеностите и карактеристиките што можеме да ги најдеме во фраземите и од аспект на реалноста што тие ја интерпретираат и вреднуваат.

Семантичката поделба на фраземите со компонента *NOHA / НОГА* ќе оди од аспект на когнитивистичката семантичка поделба на телото и на телесноста и тоа:

1. Телото како единство на своите делови;
2. Телото како средство за броење – Телото како мерка;
3. Ориентација на телото во просторот;
4. Изгледот на телото – споредба врз основа на визуелната сличност;
5. Деловите на телото и нивната специфика;
6. Телото како жртва/гаранција;
7. Човечко тело=човек / Човечко тело=живот;
8. Телото претставува карактер – дадена особеност;
9. Човечкото тело и изразувањето емоции и човечки односи;
10. Телото како комуникативно средство /Телото како сигнал за договор/ согласување/ несогласување.

Секоја шема е анализирана од аспект на особеностите и на карактеристиките што можат да се најдат во фраземите, од аспект на реалноста што фраземите ја интерпретираат и ја оценуваат. Шемата од десет карактеристики го одразува чисто сензомоторичкото искуство на човекот (2, 3, ...), но исто така и човечките емоции и односи што човекот ги концептуализира со помош на деловите на своето тело (љубов, тага, задоволство, но и одмазда, лутина, казна и др.).

Семантичката анализа потврдува дека човечкото тело и неговото физичко искуство, за нашето размислување и за нашиот јазик претставуваат значително важен фактор. Од една страна, има фраземи што рефлектираат чисто сензомоторично искуство на нашето тело како (*mít hlavu jako koleno*), од друга страна, доаѓаме до апстрактно размислување за информации од недопирлив карактер (на пример, емоциите) кои се врзуваат за физичките чувства или за изгледот на одредени делови на телото кои овие аспекти на размислување го следат (на пример: *s odchozími starostmi mu spadl kámen ze srdce*).

Во продолжение, ќе ја разгледаме семантиката на секоја фразема одделно и во тие рамки ќе видиме дали за овие фраземи е избран соодветен превод.

**2. Ориентација на телото во просторот.**

Нашето тело секој ден работи со просторот во кој се движиме, ги воспримаме нашата положба и просторната ориентација.

Десната или левата нога означуваат природност да се зачекори со вистинската, значи со десната нога. Нозете примарно се сместени долу и под нив е цврстата земја. *Pevná zem pod nohama* или цврста земја под нозете означува сигурност, а сигурноста значи на земја да се стои со двете нозе. Ако, пак, некој се чувствува несигурно – велиме обратно – дека *тлото го губи под нозете*.

Исто како и главата, која не би требало да биде долу, така нозете не треба да бидат горе, па оттаму, ако нешто е *vzhůru nohama,* тогаш значи дека е во неред.

Тука треба да се спомене и главната функција на нозете, а тоа е движењето, прошетката, одењето *kam nás nohy ponesou* – онаму каде што ќе нè однесат нозете. Значи, нозете се тие што носат, а истовремено претставуваат и потпора којашто го држи/ крепи целото тело.

Ногата не може да биде сама, односно, ако во нешто сме само со една нога, тогаш тоа е само со половина и тоа сè уште не е дефинитивно, крајно.

**2.1. Нозете се секогаш долу и под нив цврстата земја (Nohy jsou vždy dole a pod nimi pevná zem).**

Опозицијата **горе : долу** е мошне изразена кај нозете. Ако главата е таа што по правило треба да биде горе, тогаш нозете се тие што треба да бидат долу и да стојат цврсто на земјата.

Во нашиот материјал, ексцерпиран од делата на чешки јазик, преведени на македонски, со ова значење одвоивме пет фраземи.

**2.1.1.**Чешката фразема *obrátit / převrátit něco/všechno vzhůru nohama* има две значења. Прво значење е: да се растури сè, кога нешто се бара, да се направи голем неред и, второто значење: целосно да се смени начинот на размислување или начинот на живот, на нештото да му се даде сосема поинаква смисла.

Во нашиот материјал ја извлековме во четири примери.

Во македонскиот јазик, фразема со клучна компонента **нога** со ова значење не потврдивме. Во сите четири случаи е преведено без еквивалент, но сосема се доловува значењето на чешката фразема. За илустрација ќе дадеме еден пример:

| | |
|---|---|
| ...ještě by mlýn **vzhůru nohama obrátily** ty děti! | Obrátit / převrátit něco/všechno vzhůru nohama: a) při hledání něčeho udělat veliký nepořádek, všechno rozházet; nenechat někde kámen na kámeni; b) úplně převrátit nějakou myšlenku nebo způsob života, dát |

| | |
|---|---|
| | něčemu zcela jiný smysl (E.M.) |
| ....децава **ќе ја превртат воденицава наопаку**! стр. 35 BN1178MK | Преврте/ превртува сѐ живо: пребара/ пребарува насекаде (ФРМЈ) |

**2.1.2.** Кога стои цврсто на земјата, човекот е реален и нештата трезвено ги оценува и има одредена сигурност. Но, кога почнува да го губи тлото под нозете, или *začíná ztrácet/ ztratit půdu pod nohama,* тогаш ја губи сигурноста.

Во материјалот, ексцерпиран од дела на чешки јазик преведени на македонски, фраземата *ztrácet/ ztratit půdu pod nohama* ја извлековме во еден пример.

Фразема на македонски јазик со ова значење би можела да биде *ја губи подлогата под нозе* како делумен еквивалент, но преведувачот ја превел со друга фразема, која ја има клучната компонента **нога**, но според значењето не е најсоодветен избор на фразема, со оглед на тоа што, според фразеолошките речници со кои располагаме, не означува несигурност туку дека човекот се наоѓа под голем притисок или пред тежок проблем:

| | |
|---|---|
| Půda mi **ujíždela** jak se patří **pod nohama.** str. 34 | Ztrácet/ ztratit půdu pod nohama: Ztracet/ ztratit jistotu, znejistět (E.M.) |
| Опасно **ми гореше под нозе.** стр. 36 MK446MK | Ја губи подлогата под нозе – се чувствува несигурен (Сн.В.); му гори под нозете – се наоѓа под голем притисок, пред тежок проблем (Сн.В.) |

**2.1.3.** Во чешкиот материјал со кој располагаме, двапати го сретнавме изразот *co jsem na své nohy vstala*, кој го потврдивме во речникот на Заоралек (Zaorálek: *Lidová řčení)* со значење ’од детството‛.

Во двата примери имаме различен превод. И во двата случаи е задржана клучната компонента **нога**, значењето соодветно се доловува, а исто така имаме варијанти на фраземи што ги потврдивме во македонските фразеолошки речници:

| | |
|---|---|
| I považme, **co jsem na své nohy vstala**, jsem to neviděla.... str. 98 | Co jsem na své nohy vstal: od dětství (LR: 217) |
| Види, види, **откако ме држат нозеве**, не сум го видела тоа... стр. 86 BN1326MK | Од мали нозе; Додека го крепат, држат нозете;<br>Не го држат нозете: изнемоштен е, премален, нема сили (ФРМЈ) |

**2.2. Ногата значи пат** (**Noha znamená cestu**).

Некој може некому да му се плетка околу нозете или да оди онаму каде што нозете го носат, значи без цел да талка некаде, додека, пак, трет може некому да става сопка на патот за тој другиот да не успее во тоа што го прави.

**2.2.1.** Чешката фразема *házet někomu klacky pod nohy,* означува дека 'некој некому става пречки на патот'. Во нашиот материјал ја извлековме во еден пример.

Оваа чешка фразема, на македонски е преведена како подметнување нога, но сметаме дека посоодветно би било да се преведе со аналогна, односно со целосно различна фразема - *ставање сопка* – каде што клучната компонента ќе се изостави, но од семантиката на зборот *сопка* се подразбира дека станува збор за активност на ногата:

| | |
|---|---|
| Při jeho energii a nezmarné chuti bojovat zakročení úřadů v tom případě bylo **házením klacků Švejkovi pod nohy**. str. 330 | Klást někomu do cesty překážky (E.M.) |
| Имајќи ја во обѕир неговата енергија и големата желба да војува, може да се каже дека интервенцијата на власта значеше само **подметнување нога на Швејк** и ништо повеќе. стр.303 JH1604MK | Ставање сопка: попречување, осуетување во нешто (ФРМЈ) |

**3. Деловите на телото и нивната специфика.**

Шемата што се однесува на деловите на човечкото тело и на нивната специфичност зборува за отсликување на она што поединечните зборови – клучни соматски компоненти – најинтензивно и најприродно го вткелуваат.

**3.1. Ногата означува движење / активност.** (**Noha znamená pohyb / aktivitu**).

Ногата е, пред сè, поврзана со претставата за движење, *utíkáme, co nám nohy stačí,* или бегаме колку што нè држат нозете. Нозете, исто така, претставуваат и потпора на телото. Доколку цел ден не застанеме, велиме дека цело време сме биле на нога, а пак, *Být na nohou* е, исто така, позиција на телото што е поврзана со активност. Спиењето е поврзано со хоризонталната позиција, додека да се биде на нозе е вертикална позиција – да се биде буден. Значи, овде имаме и опозиција **вертикално:хоризонтално**.

**3.1.1.** Во нашиот материјал, со ова значење имаме една поговорка *lež má krátké nohy*, а пак, истата поговорка ја има и во македонскиот јазик, така што сметаме дека тука не постоел поголем проблем околу нејзинот превод. Со оглед на тоа што е ексцерпирана од дело на чешки јазик, коешто на македонски е преведено од двајца различни преведувачи, интересно е да се види само нијансата во различната варијанта на една иста поговорка:

| | |
|---|---|
| ...ale **lež má krátké nohy**... str. 23 | Lež má krátké nohy: Lživost našich tvrzení se obvykle brzy projeví, brzy se na ni přijde (E.M.) |
| ...ама **лагата има куси нозе**... стр. 34; ...ама **на лагата ѝ се куси нозете**... стр. 29 MK607MK | Лагата има куси нозе – лагата брзо се открива (Сн.В.). |

**3.2. Ногата означува работа/ дејствување (Noha znamená práce/ činnost).**

**3.2.1.** Со ова значење, од нашиот материјал извлековме една фразема *pomoct/ pomáhat někomu na nohy* – која се појави двапати. Оваа фразема во чешкиот јазик има две значења: 1. некому да му се помогне понатаму нормално да работи, да живее и 2. некого да се подигне или да му се даде поддршка да застане на нозе.

Во македонскиот јазик има соодветна фразема како делумен еквивалент, односно компонентата **нога** е задржана, но глаголот е поинаков. Оваа фразема во македонскиот јазик, како што потврдивме во фразеолошките речници, има три значења: 1. стане/ станува самостоен, независен 2. излезе/ излегува од тешка материјална положба 3. оздрави/ оздравува по тешка болест, при што на ова чешко значење одговара првото значење.

На македонски јазик, чешката фразема во двата извлечени примери е различно преведена.

**3.2.1.1.** Во првиот пример преводот е извршен неточно:

| | |
|---|---|
| Vy jste mně, Švejku, zas **pomohl na nohy**. str. 468 | Pomoct/ pomáhat někomu na nohy: 1. zásadně někomu pomoct dál normálně pracovat, žít ap. 2. zvednout n. podepřít někoho a postavit ho (SČFI) |
| Швејк, **пак ми застанавте на нога**. стр. 430 JH2259MK | Застане/ застанува на нога/нозе: 1. стане/ станува самостоен, независен 2. излезе/ излегува од тешка материјална положба 3. оздрави/ оздравува по тешка болест (ФРМЈ) |

**3.2.1.2.** Во вториот пример, веќе е точно преведена чешката фразема со делумен еквивалент:

| | |
|---|---|
| Mezi důstojníky se vypravovalo, že **si** major Wenzl nyní **pomůže na nohy**. str. 406 | Pomoct/ pomáhat někomu na nohy: 1. zásadně někomu pomoct dál normálně pracovat, žít ap. 2. zvednout n. podepřít někoho a postavit ho (SČFI) |
| Меѓу офицерите се зборуваше дека сега мајорот Венцел **ќе си помогне повторно да застане на нозе**. стр. 376 JH2143MK | Застане/ застанува на нога/нозе: 1. стане/ станува самостоен, независен 2. излезе/ излегува од тешка материјална положба 3. оздрави/ оздравува по тешка болест (ФРМЈ) |

**4. Човечко тело=човек / Човечко тело=живот.**

Дел од телото истапува како претставник што го симболизира или целото тело или човекот како единка.

**4.1.** Чешката фразема *ani noha tam nebyla / nepáchla / nepřišla / nezůstala,* во нашиот материјал, се појави еднаш и е со значење дека таму немало никој.

На македонски јазик, фраземата е преведена буквално и сметаме дека не е точно преведена. Со оглед на тоа што македонска фразема со клучна компонента **нога** не потврдивме во македонските фразеолошки речници, сметаме дека би требало да биде преведена со релативен еквивалент, односно со друга компонента – **душа**: *не се помрдна ниту жива душа*:

| | |
|---|---|
| ...dívali se strnule a **nehla se ani živá noha**. str. 381 | Ani noha tam nebyla / nepáchla / nepřišla / nezůstala Vůbec nikdo (E.M.) |
| ...немо се гледаа меѓу себе, и **не се помрдна ниту една нога**. 342 JH2071MK | Не се помрдна жива душа/ немаше жива душа. |

**5. Телото претставува карактер – дадена особина.**

Со посредство на телото ги изразуваме и ги вреднуваме човечките особини. Ногата ги втелува современите животни ситуации или состојбата на заемниот однос. Можеме да кажеме дека сме си заминале на *volné noze* или дека *jsme na volné noze*, односно дека живееме како слободен уметник. Мотивацијата на овој израз може да биде скриена во можноста да правиме што сакаме, значи и во смисла да одиме каде што сакаме, да се движиме како сакаме. Да се живее *на висока нога,*

пак, би нè упатувало на концептот дека нагоре е повеќе отколку долу или, пак, поврзаноста на високите потпетици со разумното, мудро живеење.

**5.1.Ногата значи состојба** (**Noha znamená stav**).

Ногата, во означувањето на изразување на некоја состојба, можеме да ја искористиме кога сакаме да кажеме дека со некого сме *na válečné noze* или дека сакаме *да живееме на висока нога* или да живееме со стил.

**5.1.1.** Чешката фразема *být na volné noze // jít/ odejít na volnou nohu,* во нашиот материјал, ја сретнавме еднаш и означува ʼда се има слободна професија, да не се биде никаде во работен односʽ.

На македонски јазик е преведена како *слободен уметник,* израз што не го потврдивме во фразеолошките речници, но сметаме дека одговара на чешкото значење:

| | |
|---|---|
| ...jsem **na volné noze**, nechodím do práce... str. 202 | Být na volné noze // jít / odejít na volnou nohu Mít svobodné povolání, nebyt nikde v zaměstnaneckém poměru (E.M.) |
| ...јас сум **слободен уметник**, не одам на работа... стр. 205 MV3018MK | Слободен уметник: нема постојан работен ангажман (м.з.) |

**5.2.Ногата значи слабост (Noha označuje slabina).**

Кога сме премалени и немаме сили, *нозете едвај нè држат/ крепат*. Со ова значење, од нашиот материјал извлековме пет фраземи.

**5.2.1.** Чешката фразема *(sotva) plést nohama* означува дека ʼнекој е мошне уморен, омалаксан и едвај може да одиʽ. Оваа фразема во нашиот материјал ја извлековме во еден пример.

На македонски јазик е преведена со делумен еквивалент:

| | |
|---|---|
| Mladé, svobodné, starší, vdané, jak to právě přišlo, žehlil jsem tak důkladně, že když jsem se vrátil k regimentu, **sotva jsem pletl nohama**. str. 436 | (sotva) plést nohama: být velmi unavený, zemdlený ap. a jen stěží jít, chodit (rovně n. pevně) |
| Млади, слободни, стари, мажени, како ќе се најдеше, сите со ред ги тркалав, така што кога се вратив во полкот, **одвај се држев на нозете**. стр. 403 JH2193MK | Одвај се држи/крепи на нозе: изнемоштен е, премален е, опаднат е, нема сили (од болест, од умор, од пијанство, од сонливост, од старост и сл.) (ФРМЈ) |

**5.2.2.** Фраземата *sotva stát/ se držet na nohou,* во нашиот материјал се јавува во 3 варијанти. Во обликот *sotva stát na nohou* се појавува двапати и е преведена на македонски со делумен еквивалент *одвај се држеше на нозе,* иако би можела да се преведе и со целосен еквивалент што постои во македонскиот јазик, а тоа е: *одвај стои на нозе*. И во двата јазика значењето е исто ’многу е изморен, премален од болест, од пијанство, од старост и сл.‘:

| | |
|---|---|
| K ránu **stál** tlustý infanterista **sotva na nohou**...str. 192 | Sotva stát/ se držet na nohou: a) být unavený po dlouhé chůzi nebo zesláblý po nemoci b) být opilý (E.M.) |
| Пред зори дебелиот пешадинец **одвај се држеше на нозе**... стр. 174 JH1854MK | Не може на нозе да стои; одвај стои на нозе – многу е изморен или нема сила (од болест, старост итн.) (З.М.); Одвај се држи/ крепи/ стои на нозе: изнемоштен е, премален е, опаднат е, нема сили (од болест, од умор, од пијанство, од сонливост, од старост и сл.) (ФРМЈ) |

**5.2.3.** Истата фразема како во претходниот пример, но во негација, ја имаме само еднаш во нашиот материјал, *nemoct stát na nohou,* и на македонски е соодветно преведена како *не може да стои на нозе*:

| | |
|---|---|
| ...**nemohl stát na nohou**, ale kázal a říkal: já jsem Otto Katz, polní kurát, vy gypsové hlavy. str. 253 | Sotva stát/ se držet na nohou: a) být unavený po dlouhé chůzi nebo zesláblý po nemoci b) **být opilý** (E.M.) |
| ...**не можеше да стои на нозете**, но постојано проповедаше и велеше: Јас сум Ото Кац, воен свештеник, вие, гипсени глави. стр. 233 JH1550MK | Не може на нозе да стои; одвај стои на нозе – многу е изморен или нема сила (од болест, старост итн.) (З.М.); Одвај се држи/ крепи/ стои на нозе: изнемоштен е, премален е, опаднат е, нема сили (од болест, од умор, **од пијанство**, од сонливост, од старост и сл.) (ФРМЈ) |

**5.2.4.** Имаме уште еден пример на друга варијанта на фраземата, со исто значење на премореност, на изнемоштеност која, исто така, е соодветно преведена на македонски како целосен еквивалент:

| | |
|---|---|
| Jak jste se vůbec mohl **držet na nohou**? str. 53 | Sotva stát/ se držet na nohou: a) být unavený po dlouhé chůzi nebo zesláblý po nemoci b) být opilý (E.M.) |
| Како воопшто можевте **да се држите на нозе**? стр. 34 KČ24MK | Не може на нозе да стои; одвај стои на нозе – многу е изморен или нема сила (од болест, старост итн.) (З.М.); Одвај се држи/ крепи/ стои на нозе: изнемоштен е, премален е, опаднат е, нема сили (од болест, од умор, од пијанство, од сонливост, од старост и сл.) (ФРМЈ) |

**5.2.5.** Во нашиот материјал во еден пример го извлековме изразот *třesou se mi nohy*, кој не го потврдивме во чешките фразеолошки речници, но постои со друга соматска клучна компонента ─ **колено**.

На македонски јазик е преведена со целосен еквивалент, со оглед на тоа што во македонскиот јазик ја најдовме оваа фразема во фразеолошките речници:

| | |
|---|---|
| ...vzdychla náhle a svezla se na kraj židle, "**třesou se mi nohy**." str. 193 | Třesou se nohy někomu: чувствува страв, трема, возбуда (м.з.) |
| ...воздивна одеднаш и седна на работ на столот. „**Нозете ми треперат**“... стр. 146 KČ204MK | Му се тресат нозете - преплашен е или има многу трема (З.М.); му се земаат (одземаат, откинуваат, потсекуваат, поткосуваат) нозете: не може во моментот да се држи на нозе, ја губи силата во нозете (од голема возбуда, страв, радост, умор, болест и сл.) (ФРМЈ) |

## 6. Човечкото тело и изразувањето емоции и човечки односи и врски.

Нашата емоционална состојба недвосмислено се одразува и на нашето тело. Со деловите од телото можеме да изразиме најразлични емоции, почнувајќи од радост, среќа, воодушевување, страв, почит, лутина, гнев, љубов и сл.

### 6.1. Почит / верност / воодушевување (Úcta / oddanost / obdiv).

Верноста или предаденоста некому е споена и со нозете. Својата верност човекот може да ја искаже со давање подароци под нозете на некого, со поклонување или со паѓање пред нечии нозе. Во овој

контекст можеме да се навратиме на шемата дека горе е повеќе од долу, односно лицето што е над нас е позначајно.

**6.1.1.** Со ова значење, од нашиот материјал ексцерпиран од чешки дела преведени на македонски, извлековме една фразема *položit / složit / snést někomu něco k nohám,* како израз за почит и за покорност кон некого, тој да се дарува, нешто да му се даде, да му се понуди.

На македонски, оваа чешка фразема е преведена буквално и како таква не ја најдовме во македонските фразеолошки речници:

| | |
|---|---|
| ...jako by symbolicky **kladl** ubohé Polsko ... **k nohám** jeho uchvatitele. str. 217 | Položit/ složit // snést někomu něco k nohám: Jako výraz úcty a pokory někomu něco darovat, přinést apod.; snést modré z nebe (E.M.) ; klást/ složit někomu něco k nohám: věnovat, dávat n. dát, předložit, popř. nabízet, nabídnout někomu něco uctivě, pokorně (SČFI) |
| ...како да **ја ставил** симболично кутрата Полска ... **пред нозете** на нејзината бранителка. стр. 263 MK2422MK | Буквален превод |

**6.2.Казна / напад (trest / útok).**

Мошне силно со телото е поврзано изразувањето на казна, на напад, на борба меѓу две страни.

**6.2.1.** Чешката фразема *podrazit nohy někomu* има значење дека ’некој неочекувано, на нечесен начин наштетил некому и на тој начин му предизвикал некаква катастрофа или пад‛.

Сметаме дека, на македонски, оваа фразема е несоодветно преведена. Имено, преведена е буквално, односно неточно, бидејќи означува дека ’некој некому му ставил сопка‛, што не одговара сосема на интензитетот на чешката фразема:

| | |
|---|---|
| ...má neopatrnost mně **podrazila nohy**... str. 334 | Nečekaně a nečestně, zákeřně někomu (u)škodit n. ho zarazit a způsobit mu katastrofu, pád (SČFI) |
| ... но ете, мојата невнимателност **ми ја подметна ногата**. стр.307 JH1614MK | Ставање на сопка: попречување, осуетување во нешто (ФРМЈ) |

**7. Заклучок.** Во материјалот, ексцерпиран од делата на чешки јазик преведени на македонски, имаме 13 фраземи со клучна компонента

**нога**. Секоја од овие фраземи се појавува од еднаш до четири пати. Во следнава табела е прикажано колку пати се појавува секоја од овие фраземи и како се преведени на македонски:

| Бр. | Соматска компонента | Број на појавувања на чешката фразема | Македонски еквиваленти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ■ | ♦ | ● | ○ | □ | ◊ |
| 1. | *obrátit / převrátit něco / všechno vzhůru nohama* | 4 | | | | | 4 | |
| 2. | *Ztrácet / ztratit půdu pod nohama* | 1 | | | | | | 1 |
| 3. | *co jsem na své nohy vstal* | 2 | | 2 | | | | |
| 4. | *házet někomu klacky pod nohy* | 1 | | | | | 1 | |
| 5. | *lež má krátké nohy.* | 1 | 1 | | | | | |
| 6. | *pomoct/ pomáhat někomu na nohy* | 2 | | 1 | | | | 1 |
| 7. | *nehnout se ani živá noha* | 1 | | | | | | 1 |
| 8. | *být na volné noze* | 1 | | | | | 1 | |
| 9. | *sotva plést nohama* | 1 | | 1 | | | | |
| 10. | *sotva stát/ se držet na nohou* | 3(1) | 3 (1) | | | | | |
| 11. | *třást se někomu nohy* | 1 | 1 | | | | | |
| 12. | *položit / složit / snést někomu něco k nohám* | 1 | | | | | | 1 |
| 13. | *podrazilt někomu nohy* | 1 | | 1 | | | 1 | |

Легенда:
■ целосен еквивалент (чешкиот израз е ист со македонскиот)
♦ делумен еквивалент (граматичка промена во изразот)
● релативен еквивалент (промена на компонентата)
○ аналог (целосно различна фразема)
□ безеквивалентни (нема македонски еквивалент или не бил најден)
◊ буквално или неточно преведена фразема

**7.1.** Од аспект на структурата на чешките фраземи со клучна компонента **нога**, 14 се глаголски фраземи (2.1.1., 2.1.2., 2.1.3., 2.2.,

2.3., 3.2., 4.1., 5.1.1., 5.2.1.,5.2.2., 5.2.3., 5.2.4, 5.2.5., 6.1.1.) и една е цела реченица – поговорка (4.1.1.).

Што се однесува на преводните еквиваленти на македонски јазик, можеме да кажеме дека се работи за фраземи со иста структура како и чешките.

**7.2.** Во овој наш преглед разгледуваме чешки фраземи што имаат клучна соматска компонента **нога.** Ситуацијата со нивните преводни еквиваленти на македонски јазик е разновидна.

**7.2.1.** Од дадената табела можеме да видиме дека три фраземи имаат целосен еквивалент на македонски јазик, значи ја имаат истата клучна компонента и истата структура (*lež má krátké nohy - лагата има куси нозе; sotva stát/ se držet na nohou - одвај стои на нозе; třást se někoти nohy - му се тресат нозете).*

**7.2.2.** Делумни еквиваленти се оние фраземи, каде што клучната соматска компонента е задржана, но структурата е различна. Такви преводни делумни еквиваленти во нашето истражување се три (*co jsem na své nohy vstal - откако сум на нога; pomoct/ pomáhat někoти na nohy – да помогне некому да застане на нозе; sotva plést nohama - одвај се држи/крепи на нозе)*

**7.2.3.** Релативни (фраземи со различна клучна компонента) и аналогни (целосно различна фразема) фраземи со овој преглед на најдовме.

**7.2.4.** Чешки фраземи кои се или безеквивалентни или пак не им бил најден соодветен еквивалент, според табелата, има четири (*obrátit / převrátit něco/všechno vzhůru nohama - преврти/сврти нешто наопаку; házet někoти klacky pod nohy - подметнување нога; být na volné noze - слободен уметник; podrazilt někoти nohy - ми ја подметна ногата;).*

**7.2.5.** Во четири примери, чешките фраземи на македонски се преведени буквално или погрешно (*ztrácet/ ztratit půdu pod nohama - ми гореше под нозе; pomoct/ pomáhat někoти na nohy - ми застанавте на нога; nehnout se ani živá noha - не се помрдна ниту една нога; položit / složit / snést někoти něco k nohám - ја ставил пред нозете).*

**8**. Од нашата анализа на фраземите со компонента *NOHA / НОГА,* во преводите на дела на чешки јазик преведени на македонски, можеме да забележиме дека во поголемиот број примери во македонскиот јазик има целосни еквиваленти на чешките фраземи. Сметаме дека тоа е така со оглед на словенското потекло на двата разгледувани јазици и на блискоста во однос на поимањето на деловите од телото и на телесноста. Фразеологијата е дел од лексичкиот фонд на секој јазик и во одредена смисла го отсликува карактерот на народот. Секој јазик со

својот лексички фонд изразува свои културни специфичности, а фраземите не се исклучок.

**Литература:**


Делова-Силјанова. Ј. 2012. *Соматските фраземи во преводите од чешки на македонски јазик и обратно*. докторска дисертација (необјавена). Филолошки факултет „Блаже Конески": Скопје.

Велјановска. Катерина. 1998. *Фразеолошките изрази во македонскиот јазик (со посебен осврт на соматската фразеологија)*. докторска дисертација. Филолошки факултет „Блаже Конески": Скопје.

Миловановиќ. Крсто. 1994. *Речник симбола*. Народно дело: Крагујевац.

Ристески. Љупчо. С. 2003. *Културна топографија на човечкото тело*. Во *ЕтноАнтропоЗум*. ПМФ. Институт за географија. Завод за Етнологија: Скопје.

Вражиновски. Танас. 2000. *Речник на народната митологија на Македонците*. Институт за старословенска култура – Матица македонска: Скопје.

Vaňková. Irena. 2007. *Nádoba plná řeči: (Člověk, řeč a přirozený svět)*. Nakladatelství Karolinum: Praha.

Vaňková. Irena. 2003. O těle, smyslech, citech a prožitcích. roč. 11, č.1/2, s. 7-9. *Čeština doma a ve světě*: Praha.

Mrhačová. Eva. 2000. *Názvy částí lidského těla v české frazeologii a idiomatice:Tematický frazeologický slovník II*. Ostravská univerzita Ostrava – Filozofická fakulta: Ostrava.

Lakoff. George; Johnson. Mark. 2002. *Metafory, kterými žijeme*. 1.vyd. Host: Brno.

Čermák. František. 2007. *Frazeologie a idiomatika česká a obecná. Czech and General Phraseology*. Nakladatelství Karolinum: Praha.

РЕЧНИЦИ и КРАТЕНКИ:

1. Čermák. František; Hronek. Jiří et al. 1983. *Slovník české frazeologie a idiomatiky.Přirovnání*. Academia: Praha. (SČFI) přir.
2. Čermák. František; Hronek Jiří et al. 1988. *Slovník české frazeologie a idiomatiky. Výrazy neslovesné*. Academia: Praha. (SČFI) v.nesl.
3. Čermák. František; Hronek. Jiří et al. 1994a. *Slovník české frazeologie a idiomatiky. Výrazy slovesné A-P*. Academia: Praha. (SČFI)
4. Čermák. František; Hronek. Jiří et al. 1994b. *Slovník české frazeologie a idiomatiky. Výrazy slovesné R-Ž*. Academia: Praha. (SČFI)
5. Велковска, Снежана. 2008. *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник*. Скопје. (Сн.В.)
6. ДИМИТРОВСКИ, Тодор; ШИРИЛОВ, Ташко. 2003. *Фразеолошки речник на македонскиот јазик*. Том Први А-Ј. Огледало: Скопје (ФРМЈ)
7. ШИРИЛОВ, Ташко. 2008. *Фразеолошки речник на македонскиот јазик*. Том Втори К-П. Огледало: Скопје (ФРМЈ)
8. ШИРИЛОВ, Ташко. 2009. *Фразеолошки речник на македонскиот јазик*. Том Трети Р-Ш. Огледало: Скопје (ФРМЈ)
9. J. Zaorálek 2000 „Lidová rčení" 4. vydání Academia Praha (LR)

ИЗВОРИ и КРАТЕНКИ:


1. Čapek. К. 1989. *Krakatit*. Československý spisovatel: Praha. (KČ1CZ)
2. Чапек. К. 1990. *Кракатит*. Детска радост: Скопје. (KČ1MK)
3. Hašek. J. 1984. *Osudy dobrého vojáka Švejka*. Československý spisovatel: Praha. (JH1CZ)
4. Хашек. Ј. 1988. *Доживувањата на добриот војник Швејк*. т. 1 и 2. Наша книга: Скопје. (JH1MK)
5. Němcová. B. *Babička*. Academia: Praha. (BN1CZ)
6. Њемцова. Б. 2010. Бабичка. Македонска реч: Скопје. (BN1MK)
7. Kundera. M. 2007. Žert. Atlantis: Brno. (MK4CZ)
8. Кундера. М. 1969. Шега. Нова Македонија: Скопје. (MK4MK)
9. Кундера. М. 2007. Шега. Табернакул: Скопје. (MK5MK)
10. Kundera. M. 2006. Nesmrtelnost. Atlantis Brno. (MK3CZ)
11. Кундера. М. 2009. Бесмртност. Табернакул: Скопје. (MK3MK)
12. Kundera. M. 2006. Nesnesitelná lehkost bytí. Atlantis: Brno. (MK2CZ)
13. Кундера. М. 2009. Неподносливата леснотија на живеењето. Табернакул: Скопје. (MK2MK)
14. Viewegh. M. Povídky o manželství a o sexu. Petrov: Brno. (MV1CZ)
15. Вивег. М. 2000. Раскази за бракот и сексот. Табернакул: Скопје. (MV1MK)